# СОВРЕМЕНИТЕ ГОГ И МАГОГ
# НА РАБОТ ОД НИШТОТО

**ДЕНЕС, ЗАПАДОТ ПОВЕЌЕ НЕ ПРОИЗВЕДУВА ДУХОВНИ, КУЛТУРНИ, ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ВРЕДНОСТИ. БАРЕМ НЕ УНИВЕРЗАЛНИ, ДЛАБОКИ, ВИСТИНИТИ. ТРЕШ-КУЛТУРА И НАСИЛСТВО, ТОА Е ЦЕНАТА КОЈА ЖИТЕЛИТЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ГОГ И МАГОГ МОРААТ ДА ЈА ПЛАЌААТ ЗАТОА ШТО НИВНИТЕ ВОДАЧИ САКААТ ДА ВЛАДЕАТ СО СВЕТОТ**

Токму на врвот од својата физичка (воена и политичка) моќ Западот ги положува темелите на својот скорешен пораз. Деновиве оваа вест во етерот ја емитуваат сите небесни агенции и богоугодни законитости. И законите на физиката се исти: ентропијата на еден систем започнува кога тој целосно ќе ја изманифестира својата суштина, а во себе нема вградено код за репродукција или за производство на нови вредности.

Притоа, терминот 'Запад' не го користиме за под оваа номинализација да ја подведеме целокупната западна цивилизација, култура и општество, туку оној негов пароксизмичен империјалистички одраз кој денес е еманиран во трансконтиненталниот државен фактор кој жестоко го заговара (и реализира) проектот за т.н. глобализација, т.е. новиот светски поредок (империјалистичката клика).

Лишен од суштинска духовна содржина, тој, 'Западот' од крајот на 20 и почетокот на 21 век, под мимикријата наречена „меѓународна заедница“, која сакале-нејќеле се наметнува во нашите животи секојдневно, влезе во завршната фаза на својата цивилизациска пропаст.

Колку што се поголеми и поразорни неговите глобални воено-политички удари, толку побрза и пострашна, парадоксално, бидува неговата прокоба.

Културната матрица на некогаш планетарната авангарда, (сѐ додека таа не стана наменска, како муниција за касетни бомби, тоест се додека не почна да произведува идоли и идолатрии со цел да се разнебитат автохтоните културни кодови на народите и нивниот идентитет), денес се сведува на налудничаво испразнето битисување, експонирано речиси исклучиво преку концентрација врз моќта и нејзина глобална реализација.

Ова не е апокалиптичен текст, ниту антизападен, ниту антиамерикански. Напротив, некои суштински одлики на западната цивилизација, нејзиниот извонреден организациски кодекс, на пример, го облагородува секуларниот живот на општествата, што е историски докажано. И се залагаме за апликација на тој кодекс во македонското општество, зашто тука некаде, во возвишениот спој на различните вредности/цивилизации, на Исток и Запад, Север и Југ, лежи македонската судбина да се биде Синтеза

## ПАВЛОВИОТ РЕФЛЕКС

Овде станува збор за укажување на една наметната реалност која се оцртува зад досега невидена демонстрација на бесловесна сила, небаре Гог и Магог повторно се олицетворуваат во општеството/државата које, ете, решила да го завладее светот. И пак парадоксално - овој текст има за цел да повика да му се помогне на таквиот 'Запад', да изрази сочувство со народот којшто во најтоталитарниот западен државен ентитет е пазен и газен од шест видови тајни полиции и од бесконечно многу празни флоскули од типот на „демократскиот сон“.

Не кажувам ништо ново кога ќе го обвинам Западот, но - како да се спаси човекот од 'Западот'? Како да се спаси 'ветената земја' која историски знаеше да биде и политичка па и цивилизациска алтернатива, нов живот за милиони, нов почеток за старите жртви? И покрај сѐ, остана во нас една специфична симпатија за земјата во која „секој може да стане претседател“. Па, дури и Џорџ Буш. Остана, веројатно неслучајно, едно чувство дека таа 'ветена земја' за многу луѓе има во себе нешто чисто и негибнато, истовремено моќно, за кое некој има кажано дека претставува „надеж за човештвото“. Таа земја ја бараме, кога ја кудиме сегашнава нејзина империјалистичка еманација.

Но, по Втората светска војна таа невиност беше изгубена. Претходно, некој многу паметен (Волтер Липман, на пример) ги беше воспоставил темелите на западната зашеќерена пропаганда која направи една во суштина анахрона, милитаристичка, империјалистичка, експлоататорска, убиствена политика, онаа на „единствената суперсила“, да ја пиеме како нектар за нашите жедни грла. Моќна работа. Втемелена, како и сите незнабожечки дела, врз лагата, сотоната од Wall Street успеа перфектно да нѐ помами, нас, народите без вистински водачи, да се провре до лакомиот и остраcтен дел од нас, да го буди ѕверот, да нѐ ослепи со шарен неон и - да нѐ завладее. Страотни психопропагандни операции, втемелени врз биомеханички и психосоматски импулси на човекот (таму кај што не допира душата, оти ако допре - ќе се побуни), направи многумина од нас, цели слоеви население, цели генерации со монструозни малформации и деформации на Иконата Божја. Милиони луѓе од светот се ѕверат во катодните екрани на Телевизијата и на вешто спакуваните слики за богатствата на 'Западот' реагираат токму со Павловиот рефлекс (инаку научен принцип на рускиот научник Иван Павлов, заснован врз експерименти со кучиња, кој подоцна ќе биде целосно злоупотребен од пропагандните манипулатори, но овојпат врз луѓе). Реагираат исто како и Павловиот пес, навикнат секогаш во исто време да добие месо - им течат лиги секогаш кога во одреденото време низ ТВ-екраните ќе се појави производ од фабриките за невкус.

(Поентата на Павловиот рефлекс е дека на песот лигите му потекуваат пак во истото време, и без да добие месо).

Денес, типичниот производ со Западен рефлекс од земјата на „остварените сништа“ можете да го препознаете како чест гостин на Шоуто на Џери Спрингер, на пример, во кој самозадоволно говори за тоа дека прво се вљубил во едната сестра, но откако таа родила дете од неговиот најдобар другар, тој влегол во врска со другата (која во меѓувреме флертува со неговиот брат), за на крајот да се спознае себе си така што ќе стапи во врска со нивниот помал брат...кој, па, бил силуван од неговиот татко!!!. Во сеопштата човечка катастрофа, тие ќе се степаат на подиумот, пред десет или повеќе камери, кубејќи коси и жили, публиката вреска во див делириум, а Џери Спрингер самозадоволно најавува претседателска кандидатура, „со оглед на популарноста меѓу масите“.

Демократија: секогаш ќе се најдат четворица идиоти кои ќе надгласаат тројца генијалци.

# Пустината иреалноста

Денес, 'Западот' повеќе не произведува духовни, културни, цивилизациски вредности. Барем не универзални, длабоки, вистинити. Треш-култура и насилство, тоа е цената којашто жителите на современите Гог и Магог мораат да ја плаќаат затоа што нивните водачи сакаат да владеат со светот. Мора да го поттикнуваат животинското во нивните поданоци, за тие да бидат што поподатливи/поагресивни кога без грижа на совеста ќе треба да залијат со течен оган и со експлозивно железо некоја држава и народ, за да го ослободат и научат на истите цивилизациски вредности. Во Гог и Магог културата на насилство се излива од сцените, од ТВ-екраните, од киносалите, луѓето бидуваат лишени од најосновната смисла на човековото хуманистичко битисување.

Профитот диктира сè, контролира сè, изопачува сè: ропството значи слобода, лагата вистина, насилството естетика.



Нихилизам: тече оваа бесмислена процесија на материјата, се одвива симулакрум на живот кој треба да послужи како шарен витраж зад кој се крие пустината на самата реалност (Бодријар). Всушност, слободен сум да кажам дека токму филмот „Матрица“, кој како една од философските подлошки го има токму делото „Симулакруми и симулации“ од Жан Бодријар, е можеби најзначајно уметничко дело последниве децении во Гог и Магог. Браќата Вачовски, режисерите, успеале храбро и виртуозно, низ алегории, теолошки параболи и симболи, не само да го доловат системот на контрола врз животите на луѓето, туку и жестоко да го разобличат, да го осудат. И тоа можеле да го направат на единствениот можен начин: со Љубовта, Верата, Саможртвата - христијанството, иако екуменски се испреплетуваат и будистички и гносеолошки елементи: Нео, главниот лик, е парабола за Христос, Месијата, Спасителот кој, жртвувајќи сè, треба да го спаси човештвото од бездушната контрола на Машините. Нема друго - Исус е сè. Не постои друга Слободата ниту Убавина. Другото е „естетика“, што би рекол Берѓаев, надоврзувајќи се на Достоевски: „Убавината ќе го спаси светот“. Ваквиот ‘Запад’ денес ни се наметнува како единствен урнек, како избор без Избор. Ајде да не се лажеме - како принуда. Низ „стратегиски партнерства“ и тактички предавства, низ политички уцени и дирижирани политичари ние треба да послужиме како алиби дека доброволно го прифаќаме ‘Западот’ како наш спасител, како спасител на целото човештво.
Ние, кои сме го заборавиле Спасителот во нас. На Него цели, Нему сака да му изврши атентат безочниот Левијатан.



# Пад во Ништото

Ах, за да го спасиме Западот, прво мораме да се спасиме себе си. Како? Така што ќе издржиме пред неговите глобалистички налети, неговите културолошки небулози и пропагандни отрови. Знаеме дека во оној миг кога современиот државен еквивалент и синоним за митските ѓаволови држави Гог и Магог се решил да демонстрира сила и само сила, токму тогаш таа, макар суперсила, влегла во својот конечен пораз, оти увидела дека нема доволно духовна моќ за да го освои светот со цивилизација.  Таквиот ‘Запад’ е веќе поразен во срцата на народите и само прашање на време е кога тој духовен пораз ќе се претвори и во физички. Се разбира, не така што некој физички ќе го уништи. Тој самиот ќе го направи тоа. Нема да го мразиме, силно ќе ја чуваме нашата душа, разобличувајќи го и спротивставувајќи му се со Идентитет, Слободољубие и Љубов.

Екстремистичкиот неоколонијалистички ‘Запад’ е двигателот на глобализмот. Без културолошки или идеолошки дискурс, глобализацијата е само последната дегенеративна фаза на т.н. либерална демократија, која се темели исклучиво на законитостите на пазарот, т.е профитот, што не може да се смета за никаква идеологија, туку за бестијализирана алчност. Сила на оружјето, сила на политичкиот диктат, сила на институционализиран империјализам и неоколонијализам. Без трошка духовно покритие.

Ќе се спасиме себеси, спасувајќи се од таквиот ‘Запад’ (и спасувајќи го Западот) така што ќе ги препознаеме тие елементи и ќе ги чуваме: културниот, цивилизациски и духовен Идентитет, сублимиран во нашите монаси кои се саможртвен, возвишен еманат на раскошниот Универзум на нашето постоење и како Икона Божја и како Македонци; Суверенитетот ќе го лоцираме во нашата слободна волја да бидеме тоа што сакаме да бидеме и во нашата слобода да ја кажуваме вистината, а Прогресот може да тргне само од љубовта кон ближниот.

Соочен со ваков отпор, ‘Западот’ ќе се одбие од нашата пнеума како од пневматик, и ќе падне назад. Тогаш кога, паднат, соочен со ужасната празнина на сопствениот нихилизам, ќе реши вистински да се преиспита, тогаш сите ние, народите со идентитет, со љубов ќе му помогнеме повторно да стане, да се спаси, зашто токму од него денес повторно се подучуваме дека со духовна омраза и со физичка сила не се постигнува ама баш ништо.

Или, поточно, се постигнува баш Ништо.

**Апостол**


IC
XC